**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Стотата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 март 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,42 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа по Стотата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марјан Додовски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Гоце Маркоски, Лазар Китановски, Александар Николовски, Илија Димовски, Никола Рилкоски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници, според извештајот на службите.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по **Точка 4 - Предлог за донесување на закон за биомедицинско потпомогнато оплодување, со Предлог на закон.**

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за **за** биомедицинско потпомогнато оплодување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисијата поднесе амандмани на член 13 став 4, член 20 став 2, член 31 став 3 на насловот на член 35, член 40 став 3 и на член 47 став 1 точка 7.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа текстот од амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа текстот од амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа текстот од амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 35, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

Бидејќи Владата го прифаќа и овој амандман текстот од амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

Бидејќи Владата го прифаќа и овој амандман текстот од амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

Бидејќи Владата го прифаќа и овој амандман текстот од амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 65, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување.

**Минуваме на точка 5 - Иницијатива за подигање на меморијален споменик на Тодор Проевски во Крушево.**

Новиот текст на иницијативата ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Музиката и уметноста немаат граници. Вистинската вредност на уметноста лежи во нејзината ослободувачка моќ. Токму таква беше и уметноста на Тодор Проевски. Сите знаеме кој е Тодор Проевски, знаеме кој беше, ја знаеме неговата музика, но исто така не помалку е позната неговата дејност како хуманист. Тодор Проевски бил амбасадор на УНИЦЕФ, амбасадор на добра волја, донирал средства за многу институции. Ќе набројам само 2-3. Домот за деца без родители 11 Октомври од Скопје, Клиниката за детски болести, Институт за белодробни заболувања итн, листата не е мала. Од сите овие причини Министерството за култура достави иницијатива до Собранието на Република Македонија, значи до вас дами и господа Иницијатива за подигање на меморијален споменик на Тодор Проевски во Крушево.

Владата е известена за ова, Информацијата помина на Влада и беше усвоена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Кондарко имате збор.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Со една определена доза на претпазливост и внимателност по повод оваа точка на дневниот ред и со желба како и досега од никого во Република Македонија за политички цели да не се искористува овој трагичен настан по повод трагичното загинување на Тоше Проевски и со една мала забелешка дека овој проект за изградба на споменикот Владата можеше многу побрзо да го реализира.

Во име на пратеничката на Социјал демократскиот сојуз на Македонија ја даваме нашата искрена поддршка за реализација на овој проект во Крушево.

Република Македонија, градот Крушево, граѓаните на Крушево, семејството на Тоше Проевски и самиот Тоше Проевски заслужуваат во целата оваа и вакво нешто да се изгради Меморијален споменик со кој достојно ќе се одбележи ликот и делото и со почит на големиот Тоше Проевски. Тоа ќе биде споменик што ќе ги симболизира не само неговите музички и хуманитарни вредности туку пред се и неговите човечки вредности и квалитети. Вакви и слични проекти сметаме дека треба да има и во иднина и тоа ќе биде само еден од начините со кој достојно и со почит ќе се сеќаваме сите заедно на нашиот Тоше. Ова ќе биде исто така само еден од начините со кој ќе можеме барем делумно да ја ублажиме големата тага, големата болка и големата загуба.

Истовремено, во оваа ситуација апелирам и до Владата на Република Македонија, пред се во име на државата, да ги реализира сите оние преземени и ветени активности во врска со проектите за достојно одбележување и незаборав на делото на Тоше Проевски, како заслужен граѓанин на Република Македонија. Тука посебно сакам да напоменам, пред се и на оние проекти кои беа желба и на самиот Тоше Проевски и во оваа ситуација при реализацијата на истите да се води сметка од страна на државата, посебно за желбите на неговото потоесно семејство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам само да изразам благодарност до Владата и до Министерството за култура, за една вакква иницијатива која не мислам дека е задоцнета туку едноставно заради ред историски мигови кои се случуваат во Македонија, таа можеби по малку беше одложена. Но, еве, како што кажа и премиерот на денот на погребението на големиот хуманист, универзалното дете на Европа, Тодор Проевски, дека неговата песна не крепи.

Овој консензус кој го постигнуваме за спомен куќата која во принцип треба да биде пред се спомен куќа, да упатиме порака Македонија

секогаш била прима  Европа и дека секогаш раѓала вакви синови и дека во иднина Крушево нема да биде само одбележување на Првата Република, туку ќе биде град, нешто приближно на Мемфис, каде што со ликот и делото на Тодор Проевски секој ќе ја свати пораката на тоа што значи да се сака земјата, што значи да се сака Македонија, што значи како да се поседува љубов и како да се испраќа љубов.

Уште еднаш давам поддршка на овој голем проект и повторно велам Крушево во иднина треба да биде исто како што е куќата на Елвис Присли во Мемфис во која младите се образуваат на неговиот лик и дело, на Тодор Проевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја прифаќа Иницијативата за подигање на меморијален споменик на Тодор Проевски во Крушево.

2. Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието на Република Македонија да му достави предлог на одлука за подигање на меморијален споменик на Тодор Проевски во Крушево.

3. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за култура.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 6 - Нацрт на просторен план на Охридско - Преспанскиот регион.**

Нацртот на просторниот план и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има претставникот на Владата, заменик министерот за животна средина, госпоѓа Соња Лепиткова, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе.

Нацрт на просторен план на Охридско - Преспанскиот регион е доставен на Собранието на Република Македонија со цел да се разгледа и да се утврди Нацрт на просторниот план, пошто следи изработка на предлог планот.

Законска основа за изработка на планот е Просторниот план на Република Македонија, Законот за спроведување на просторен план на Република Македонија, Законот за просторно и урбанистичко планирање и годишните програми.

Планерскиот процес се изработува во две фази, фаза во нацрт верзија и предлог планот, а спроведување на просторниот план има за задача да воспостави усогласување на интересите на различни корисници на просторот и да ја оформи рамката за дефинирање на програмата, планот и стратегијата на севкупниот развој на регионот и општините во неговиот состав.

Со оглед дека просторното планирање претставува континуиран процес на планирање, уредување, организација и управување со просторот, а просторните планови како стратешки документи се база за хармонизација на развојот и заштитата на унапредување на животната средина и обезбедување услови за реализација на планската документација од понизок ред. Ценам дека донесувањето на Нацрт просторниот план за Охридско - Преспанскиот регион, како долгорочна стратегија за уредување и користење на просторот ќе обезбеди ефикасна заштита на природниот и културно-историскиот капитал во функција на зачувување на идентитетот на просторот.

На кратко тоа е моето излагање по Нацрт просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

Јас се надевам дека Парламентот ќе го усвои и ќе преминеме кон изработка односно донесување на предлог просторниот план на овој регион. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Веле Митановски, повелете.

**Веле Митановски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, драги колеги.

На дневер ред денес имаме еден стратешки документ кој го одредува правецот на развојот на Охридско-преспанскиот регион се до 2020 година. Оттаму и интересот што го предизвикува и кај нас пратениците, верувам и кај стручната и пошироката јавност. Имено станува збор за регион кој е од особено значење на земјата, во сите аспекти на живеењето, а посебно од аспект на туристичкиот развој, заштитата на културните и природните реткости и вредности.

Документот го третира прашањето на заштитата на Охридското и Преспанското езеро природен базен од општо цивилизациско значење кога станува збор за живиот ендемичен свет посебно во Охридското езеро. Не случајно езерото е на светската листа на вредностите на УНЕСКО единствено во Европа, и со него можат од тој аспект да се мерат само уште Бајкалкото и Тањганика езерото во Африка.

Како природен базен двете езера се значајни дури и како трајни резерви на вода пред се од значење на потребите на Република Македонија, но и Грција и Албанија, а верувам во догледно време и пошироко во Европа.

Кога станува збор за урбанистичкиот развој треба да се напомне дека Охрид со старото градско јадро исто така е дел од светската листан на вредности и реткости што ја налага потребата на координиран настап на сите чинители во заштитата и одржливоста на просторот. Во таа

смисла на Матичната комисија ја реафирмиравме потребата од усвојување на посебен закон за Охрид што е стара идеја на локалната самоуправа од Охрид, но исто така и обврска преземена пред светот и во Националната комисија на УНЕСКО за Република Македонија.

Почитувани колеги, во Комисијата за транспорт, врски и екологија констатиравме дека овој нацрт-документ е добра основа како што потенцираше и заменик министерот за наредните фази, се едно дали ќе бидата во форма на нацрт-план или физибилити студии по разни области. Исто така им оддадовме признание на Министерството за животна средина и просторно планирање, посебно на Агеницијата за просторно планирање. Констатиравме дека по 1988 година кога имавме сличен документ овој е досега најсеопфатниот. Ја афирмираме таа заслуга заедно со фактот дека во изработката на овој документ е пристапено многу стручно, одговорно и пред се, интердисциплинарно, дека е тоа израз на континуитетот на преземањата во последните неколку децении.

Во таа смисла го оценивме како општо национален документ во кој што работеле влади, владини институции и други институции во различни периоди и дека идеолошките или поточно политичките приноси во конципирањето се во најголема можна мера исклучени.

На седницата на Комисијата констатиравме дека документот во основа го има во предвид регионалниот аспект, односно планирањето на зона која е погранична со Албанија и Грција. Меѓутоа, исто така, барем моите размислувања одеа во тој правец на констатација дека не е размислувано и зацврстено во доволна мера институционалното поврзување во тој регион односно коориднирање на сите повикани чинители од трите земји. Со таков пристап сметам дека ќе се обезбеди поголемо почитување на европските и светските стандарди односно нивна примена што не е изоставено но во доволна мера исто така не е нагласено во овој документ. Исто така, сакам да го нагласам убедувањето дека со овој документ ќе се подигне степенот на одговорноста на институциите во Република Македонија посебно двете најповикани ресори во Владата, Министерството за животна средина и просторно планирање односно Министерството за транспорт и врски. Дури искажав и надеж дека ќе се смогнат сили да се исправат некои очигледни грешки во заштитата на животната средина во Охрид кои на пример Министерството за животна среднина не смеело на времето да ги дозволи. Како илустрација ја наведов и сега уште еднаш ќе ја апострофирам прекинатата животна комуникација измеѓу езерските води и водната површина на Рачанското блато со што со тампонирањето и асфалтирањето на патеката од Студенчискиот канал до хотелот Парк. Такво злосторство кон природата уште еднаш не смее да ни се повтори во Република Македонија.

Јас наведов и неколку зафати што не ги видов во документот, а се од големо значење, на пример, обиколницата на Охрид од Требеништа до Вапила и Косел со продолжување на нова сообраќајница кон Ресен и Битола и оттаму преку Кожани со новата современа грчка комуникација Вија игнација кон Солун. Тоа што сега улицата што ние во Охрид ја викаме Железничка се третираа како заобиколница е повеќе од самозалажување.

Побарав исто така и да се предвиди и доршување на доезерската заобиколница која почнува од населбата Рача и треба да заврши над туристичката населба Пештани и да се спои со сообраќајницата кон Св.Наум односно Преспа преку превојот Галичица. Во оваа смисла, сметам дека охридското туристичко стопанство ќе добие уште една нова димензија, а тоа е планинскиот односно зимскиот туризам со ски патеки на Галичица. Кога сме кај туризмот на Комисијата говоревме дека овој просторен план треба да ги забрза процесите на легислативата со истовремено усогласување со еворпското законодавство. Во таа смисла побаравме, а јас ќе апострофирам уште еднаш двата закони што ги изработи Министерството за економија пред се, оној за туристичка дејност што побрзо да дојдат на усвојување.

Во овој дел, почитувани колеги, ако сакате и како претставник на партијата што ја носи непосредната одговорност во Министерството за економија, т.е. НСДП, сакам да ги афирмирам напорите на овој ресор во консолидирањето и кадровското доекипирање на Секторот за туризам што резултираше со изработка на долгоочекуваната стратегија за туристички развој на Република Македонија, сега и со акционен план. Ова нека биде повод што побрзо да ги заокружиме и напорите околу конституирањето на посебна агенција на туризам. Република Македонија има огромни потенцијали во езерскиот, планинскиот и селскиот како алтернативен и манастирскиот турузам. Тоа е недоволно искористено во Охридско-преспанскиот регион и тука сме практично на опашката на Европа, а барем во делот на манастирското просветување и образование сме биле Европа уште и пред самата Европа. Односно сме имале Универзитет на два века пред Болоњскиот кој денес е репер за стандарди во високото образование во Европа и светот.

На крај во смисла на поадекватна примена на постулатите од овој план, сакам да ја портенцирам потребата од интезивна соработка со единиците на локалната самоуправа на теренот. Денес е повеќе од јасно дека нема развој без иницијативност на локалните единици што е своевидна ренесанса особено со децентрализацијата во Европа и кај нас, се разбира доколу тој процес тече согласно повелбата на локалната самоуправа од 1985 година. Во овој дел сакам да упатам и на адекватна потреба и континуирана соработка со Советот на Еворпа, односно неговите одделни сегменти во архитектурата кои најдиректно ја тангират локалната самоуправа. Мислам почитувани колеги, дека на овој начин ние ќе

бидеме поефикасни и во зашита на културните добра, односно културното наследство за што ние, барем овој пратенички состав, усвоивме и посебен закон кој го оценивме за мошне добар. Во соработка со локалните власти ние ќе ги поедноставиме постапките во интегрираната заштита во смисла на соработка со институциите од локалната власт. Во овој дел пледирам и кон посоодветна казнена политика.

И сосема за крај, овој документ нека биде под стрек, сите заедно повеќе да соработуваме со Националната комисија за УНЕСКО, а таа со централата во Париз. Имам впечаток дека Националната комисија како да затаила со активностите или пак тие се помалку транспарентни.

Нашата пратеничка група со задоволство ќе го подржи овој документ ќе ги афирмира решенијата и ќе го поткрепува во сите наредни фази. Изработувачот се надевам дека го исправил техничкиот пропуст кога 6 станици се повторуваат во документот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Би сакала да проговорам за овој значаен документ, не само што потекнувам од овој регион за кој сега расправаме и за нацрт на просторниот план туку и затоа што овој регион е од исклучително значење за државата.

Со оглед дека се работи за нацрт на просторен план би сакала да укажам на некои забелешки за одредени жешки еколошки точки кој ги има во овој регион се со цел да влезе нивното решавање во овој просторен план. Дел од нив се опфатени, меѓутоа да укажам на попрецизно, поконцизно и план за побрзо решавање на овие сите точки кои што во севкупниот овој регион можат и те како да направат голем дисбаланс, како да го нарушат квалитетот на целиот регион, така и квалитетот на живеење на граѓаните на овој регион.

Охридско-преспанскиот регион е регион кој од аспект на културолошкото богатство е многу значаен за државата, меѓутоа од аспект на негова заштита секако е позначајно како еден најголем базен на слатка вода во државата, а и пошироко во регионот. Така да мислам дека главна поента, главна точка на заштита на овој регион треба токму да се гледа низ призмата на заштита на овој базен на слатките води кои што таму ги има. Во овој регион според мои сознанија има нешто над 192 извори на слатка вода кои што сите тие се влеваат во Преспанското и Охридскотот езеро директно или индиректно преку други водотеци и ние како држава треба вложиме максимални напори овие ресурси на слатка вода максимално да ги зашититме бидејќи ако гледаме во перспектива едно од најголемите богатства ќе биде токму слатката вода. Ако денеска викаме дека се водат “војни” за црното злато, многу скоро најмногу ќе се расправа околу ресурсите за слатката вода, нивните ресурси, нивниот режим, нивната заштита и нивното искористување.

Сега би укажала на неколу проблеми кои не се ниту од вчера, ниту пак верувам дека ќе завршат утре, меѓутоа, да влезат во овој просторен план, најпрецизно да се направи програма за нивно итно ургентно отпочнување со решавање. Секако тука најважно е да се заштитат водите на Охридското езеро, па така, во тој правец да се има предвид да се догради, да се доврши колекторскиот систем кој се уште не е дограден или довршен. Она што е изградено секако го подобри квалитетот на езерската вода, меѓутоа се уште одредени делови не се завршени и тие негативно влијаат на водите на Охридското езеро.

Еден од најжешките проблеми на водата е реката Грашница која се наоѓа во самиот град и која се влева директно во Охридското езеро, нејзината загаденост е евидентна, сите ја знаеме не треба да зборувам за неа и мислам дека најпрецизно треба да се пристапи кон разрешување на овој долгогодишен проблем кој што на потегот од под Калето па према излезот од Охрид према Струшкиот дел видно го нарушува целиот систем како на водата така и на сиот жив свет кој таму вирее. Јас знам дека во најголем дел треба локалната самоуправа да презема одредени активности за разрешување на овој проблем бидејќи реката е во самиот град, меѓутоа треба да ја имаме во предвид моќта на локалната самоуправа, треба да имаме во предвид дека ваков проблем не може да реши сама локалната самоуправа, дека е потребна и стручна и финасиска помош од ресорните министерства и од централно ниво. Тоа да се има предвид и да се поттикне и да се помогне локалната самоуправа во спрега со централната власт што поскоро да се разреши овој проблем бидејќи делот каде што се влева Грашница со сите свои одпадоци и загадености што ги носи, треба да биде бисерот на Охрид, а не да биде дел од Охридското езеро кој што сите ќе го избегнуваат.

Исто така проблемот со реката Сатеска долгогодишен евидентен, познат, директно се влева, со промената на коритото на реката Сатеска, и нејзиното директно влевање во Охридското езеро се создаде проблем кој од година на година се зголемува, меѓутоа никако не се изнајде прецизен план како тоа ќе се расчисти. Мене ми е совршено јасно дека не е можно да се остварува план со враќање на поранешниот тек на реката Сатеска, таму ќе се предизвикаат бројни проблеми од имотно правни итн, итн, меѓутоа, овој проблем мора да се разрешува околу прочистување на тие води кои се влеваат во реката Сатеска.

Индиректно езерските води имаат тек на загадување и преку делот од Ресен бидејќи со одгледување на јаболката во Ресен се користат енормно пестициди кои што се влеваат преку почвата во Преспанското езеро, а познато е дека водите од Преспанското и Охридското езеро се директно поврзани под Галичица со тие базени на вода и влијанието како што е лошо за самото

Преспанско езеро исто толку е лошо и за Охридското езеро, значи преку овој проблем, преку немањето контрола во делот на користењето на пестицидите за заштита на јаболката ние допуштаме простор да се задагуваат двата најголеми базени на слатка вода во државата.

Во овој просторен план на овој регон треба да се има предвид во делот на земјоделието да се воведува поголема контрола на тоа односно да се оди кон поголемо намалување на користење на пестициди дури до негово елиминирање. Јас тука би спомнала дека во последните неколку години во самиот базен на изворите на Св.Наум се појавува една алга која цути во одреден период и веќе неназад неколку години покажува знаци дека нешто не е во ред со таа вода, цути во помал обем, цути со некои мутирани форми, и ја нема во целиот базен како што ја имаше порано, значи таа дава сигнали дека нешто не е во ред со таа вода. Највероајтно се во прашање токму пестицидите кои што доаѓаат индиректно преку Преспанското езеро.

Понатаму, би го спомнала регионот на општина Дебарца која што опфаќа еден голем дел на села кој што за волја на вистината не е загаден, тој е се уште еколошки чист регион, немаме проблеми од таква природа, меѓутоа секако имаме проблем од инфраструктурна природа, од немање вода за пиење во сите населени места во регионот на Дебарца. Познато ми е дека постојат одреден проекти за изградба на водоводна мрежа од реката Песочица, мислам така се викаше, за дел од Горна Дебарца и дел од Средна Дебарца бидат опфатени со овој проект, меѓутоа овој проект не ги опфаќа сите села во Дебарца, повторно ќе остане некој без чиста вода за пиење. Тука треба да се има предвид ако се гради водовод треба да се решат и отпадните води, да не се дозволи да влезат во Сатеска која пак директно се влева во Охридското езеро.

Во делот на Охридското езеро уште би спомнала, ние воведовме право на концесија, концесионери да ги земат и стопанисуваат плажита на Охридското езеро што за мене од економски аспект е оправдано, меѓутоа мора да се води сметака како тие концесионери ги подготвуваат плажите особено од аспект на заштита на природата, дали песокот кој го носат за поправање и уредување на плажите е автохтон, дали одговара, да не направиме од една страна добро, меѓутоа од друга страна да го уништиме или да предизвикаме поголеми последици на целиот кеј на Охридското езеро како и на водата, директно и на живиот свет кој таму се наоѓа.

За блатото нема да зборувам, мојот колега тоа исцрпно го кажа.

Во делот на целиот тој регион морам да напоменам еден многу горлив пробле, тоа е проблемот на депонијата Буково.

Депонијата Буково е едноругло кое што целиот регион го загадува, ја загадува целата шума, влијае директно на здравјето на населението во овој регион околу Буково, постојано гори, постојано испушта разни непријатни миризби, чат и т.н., значи ја загадува шумата, ги загадува и подземните води, а сите тие се влеваат или во Оридското или во Преспанското Езеро.

Исто така на 300 метри од Струга постои депонија која што е надвор од сите стандарди, значи тое е неможно. Овој регион мора да има депонија по сите стандарди. Овоа е поголем регион, мислам дури треба да има две депониии кои што ќе бидат по сите стандарди да не го загадуваат регионот, ниту воздохот, ниту водата, а да имаме место каде ќе го одлагаме ѓубрето. Воглавно тие се вака некои проблеми од аспект на екологија, кои сакав да ги напоменам и кои верувам се опфатени во планот. Меѓутоа овие прецизни планови мора да бидат точни со рокови, со финансиски конструкции и за брзо решавање. Се надевам дека после 20-та година кога ќе носиме некој друг план за овој регион, дека ова ќе бидат минати проблеми, дека ќе бидат во меѓувреме решени. Сега имаме и Закон за рурален развој, дека тој ќе се земе предвид за сите рурални делови во овој регион, а особено ќе се обрне внимание на расчистување на овие проблеми кој што во континуитет се жешки точки, во континуитет ја загадуваат пред се водата, а за последиците сите ние многу добро знаеме.

Се надевам дека некој иден состав во 20-та година кога ќе расправа за ноивот нацрт план, за овој регион дека овие проблеми ќе бидат минати, дека сите ќе бидат решени, дека ќе зборуваме за регион кој е и еколошки чист, регион кој е подобен и кој ги заштитил сите ресурси кој ги има овој регион. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Министерството.

Ќе се обидам накратко да отворам еден друг аспект на донесувањето на Нацрт просторниот план на Охридско-Преспансикот регион.

Уште на самиот почеток да кажам дека целосно го подржувам ваквиот пристап и изработката сега на Нацрт просторниот план, а после тоа се разбира и кога ќе го доенсеме како просторен план на Охридско-Преспансикот регион, и тоа е многу позитивна работа и не сакам сега воопшто да повторувам согалсувајќи се целосно со се она што го говореа колегата Митановски и колешката Лалчевска.

Се согласувам и со тоа дека треба еден ваков пристап за долгорочен развој, и пристап кој што на подолг рок ќе одреди развојот, сега конкретно говориме за Охридско-Преспансикот регион, но се разбира и на целиот простор на Република Македонија.

Јас се сеќавам кога го носевме просторниот план на Република Македонија во 2005 година и тогаш ставот на сите пратеници беше дека, имајки го предвид значењето на просторните планови кој

што се донесуваат, и долгорочниот период на кој што се однесуваат, му дадове дури и “сила на закон”, би рекол и сега истото се однесува и на овој просторен план.

Но, она за кое што сега сакам да зборувам е прашањето, ако му даваме сила на закон, ако надвор од одредена партиска припадност при донесувањето на ваквите планови дискутираме и се согласуваме како пратеници, се отвара прашањето зошто не се почитува донесувањетона просторниот план, прво на Република Македонија и се плашам, поаѓајки од тоа искуство дека постои опасност од непочитувањето на овој Нацрт план кој сега го носиме, се разбира и втората фаза кога ќе ја донесеме.

Ние кога го донесовме просторниот план на Република Македонија во 1002 година, точно определивме како ќе се развива Република Македонија за следните 20 години и по региони специфициравме одредени работи. Но, за жал имаме непочитување на тој просторен план.

Сега Министерството за животна средина кое е носител на донесувањето на просторните планови би требало да биде она што ќе се грижи за почитување на просторните планови односно треба да ги најдеме механизмите против оние кои ќе го прекршуваат. Тоа ќе го поткрепам со неколку факти.

Воопшто не сакам некој погрешно да ме сфати зошто во одредени региони се вложува, а во одредени други не се вложува, туку сакам да го потенцирам непочитувањето на Просторниот план на Република Македонија донесен во 2005 година и сега никој за тоа не презема механизми. Имено се работи за следново:

Владата распиша концесии, повик или како е сега, за тендер за аеродромите во Република Македонија и во повикот кој го има е за двата постоечки аеродроми, во Скопје и во Охрид и за нов Карго аеродром во Штип. Но во Просторниот план, повторно ќе кажам не сакамникој погрешно да ме свати дека имам нештопротив што е во Штип, но во Просторниот план кој ние го донесовме во 2005 година, покрај овие два аеродроми предвиденис е уште два други карго аеродроми, едниот во Струмица и едниот во Битола, кој треба да го опфати Битолско-Прилепскиот регион. Сега спротивно на тој Просторен план, премиерот и Владата одлучуваат Карго аеродромот да се гради во Штип, а не така како што е превидено во Просторниот план за развој во следните 20 години односно до 2025 година на Република Македонија.

Ќе ви кажам уште еден пример. Имено, кога ние го носевме Просторен план во 2005 година, предвидено е во Битола да се гради, по тој Закон, слободна економска и развојна зона или сега како индустриско-технолошки развојна зона. Повторно сега некој им продава магла на Битолчани, ќе граделе нова индустриска зона, а се избегнува од она што е Просторниот план дека треба да се гради индустриско-технолошко развојна зона, согласно Законот за индустриско-технолошко развојни зони кои подлежат на многу други погодности. Тоа е вториот пример каде се изигрува повторно односно не се почитува Просторниот план. Или уште еден пример ако сакате. Имено покрај Клиничкиот центар во Скопје, во визијата која беше во Просторниот план во 2005 година донесен, требаше, во развојот на оној дел каде е развојот на здравството на Република Македонија, во Битола да се планира за вториот Клинички центар во Република Македонија. Тогашната Влада на СДСМ и ЛДП, покрај Клиничкиот центар во Скопје, меѓу фаза Клиничка болница имаше само Битола. И сега повторно имаме непочитување на тој Просторен план, повторно се заговара отварање на медицински факултети во Штип и во Тетово и таму ќе се отворат клиничките центри за во иднина и повторно Битолско-Прилепскиот и Преспанскиот регион кој спротивно на Просторниот план кој ние го донесовме во 2005 година, оваа Влада сака да го изигра. Тоа го напоменувам се со една цел дека мора да се изградат механизми за тоа како ќе се почитува донесувањето на просторните планови. Искуството ни покажува дека Просторниот план за развој на Република Македонија донесен во 2005 година, оваа Влада не го почитува, не почитува документ во сила на закон, изгласан едногласно од сите пратеници. И овој се надевам дека ќе биде изгласан едногласно од сите пратеници. Не зборуваме за оваа Влада, туку и за во иднина за некоја од владите дека ние мора да изнајдеме механизми, кога се одлучило дека тоа е стратешки интерес на Република Македонија за следните 20 години, тоа мора да се почитува. Не може, дали оваа Влада или некоја идна влада која некоја друга партија ќе ја сочинува, произволно да го менува Просторниот план.

Затоа предлагам, во втората фаза кога ќе дојде или во другите законски акти, Министерството за животна средина да предложи механизми против оние кои нема да ги почитуваат просторните планови кои значат долгорочно планирање на развојот, дали на ниво на цела држава или на одредени региони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарма претседателе.

Јас на почетокот би нагласил дека овој Нацрт Просторен план на Охридско-Преспанскиот регион е мошне добро обработен. Би кажал за некои мали забелешки кои сметам дека за овој временски период за кој се предвидува, дека треба да се имплементираат, можеби да се обрне повеќе внимание на овие точки кои ќе ги напомнам. Ќе тргнам од она што е заштита, трите нивоа на заштита што се предвидува да ги имаме од страна на овој Просторен план.

Ќе напомнам дека и до ден денес има одредени заштити кои се предвидуваат со УНЕСКО и со другите предвидени институции, поточно институциите во Република Македонија, како што

е заштита на културните споменици. Така што ќе напомнам само дека во Охрид, да речеме во стариот дел или старото јадро на Охридскиот дел, а сметам дека и во Струшкиот и Преспансикиот дел, не се почитуваат до крај оние законитости кои се донесени. Па тука би рекол дека со господинот Најдовски можеби се сложувам, затоа што ова што денеска ќе го донесеме едногласно се надевам ќе треба во иднина да се почитува максимално од сите институции.

Војадрото, во Охридскиот стар дел, ќе земам еден пример, се предвидува заштитниот дел каде се наоѓа, сите оние објекти, станбени згради кој се предвидуваат, треба да бидат покриени на 4 вода, дека прозорите треба да бидат со соодветна димензија. Денес имаме појава на нешто што е ново, нешто што го нарушува изгледот на ова старо Охридско јадро, реков истото се случува и во Струга, дај Боже да грешам, и во Преспа. Реков дека најповеќе треба да обрнеме внимание на она што ќе го донесеме во вид на Предлог закон, или закон, или Просторен план, треба максимално да се почитува од институциите.

Она што би сакал да напомнам е околу заштитата на Охридско -Преспанското езеро и ќе кажам дека тие се како врзани садови. Мораме да иамме максимална покриеност на обезбедување на чистотата на водата на Преспанското езеро затоа што тоа се слева во Охридското езеро, а потоа преку Дримистекува надолу. Ќе напомнам дека мораме максимално да се ангажираме околу обезбедувањето на прочистителните станици во Охрид. Ќе кажам дека до ден денес, на потегот од Пештани до "Метропол" сеуште не е ставен во функција колекторскиот систем. Сите отпадни води од овие хотелски објекти се слеваат во Охридското езеро. Затоа биапелирал за што побрзо решавање на овој потег за заштита и внесувањето на колекторскито систем на Охридскиот дел.

Во Преспанскиот дел се предвидува изградба, но не е изградено, јас кажав тие се како врзани садови и до колку не го заштитиме Преспанското езеро, сите оние отпадни води, сите хемикалии кои ќе се слеваат во Преспанското езеро, преку Галичица ќе понираат и ќе влегуваат во Охридското езеро. Затоа мораме да иамме максимална заштита на овие два сегменти.

Она што би сакал да напомнам е околу отпадите или отпадот кој се наоѓа. Да кажам на територијата на општина Охрид депонирањето на комуналнио тотпад се врши во депонијата Буково. Тоа е една дива депонија, фактички би рекол дека и не е депонија која треба да се користи за депонија за отпад, туку треба она што беше рпедвидено за регионалниот развој, дали беше тоа помеѓу Битола и Прилеп на тој правец каде требаше да се направи една современа депонија каде ќе се скалдира и тој отпад, ќе биде преработен, рециклиран и потоа употребен за некои други намени, можеби треба да се реализира во овој временски период кој доаѓа затоа што знаеме дека тука требаше да биде зцртано тоа. Ќе напомнам дека истото се случува и во Струшкиот дле , во Велешта, во местото викано Суво Поле каде еден временски период, да кажеме од она што беше едно чисо еко катче што го нарекувавме, Вевчани, Стружани или да наречеме Велештани, сакаа отпадот да го пренесат на самото место или велзот на Вевчани каде што од едно туристичко атрактивно место ќе направевме место кое ќе беше покриено со отпад.

Би напомнал дека од она што е општиот јавен превоз што се предвидува, до колку предвидуваме иодредена динамика за она што е развој на туризмот, Охридско-Преспанскиот регион мора да размислува за воведување на она што е колктивен превоз, не како автобуси, не како такси возила, не како мини бусови, туку мора да размислуваме за воведување на една, да речеме, дали ќе биде тоа шинобус или трамвај, или како сакате наречете го, можност за давање еден јавен превоз што во даден временски период, во екот на туристичката сезона би можел да ги поврзе најголемите туристички места во Охридско-Преспанскиот и Струшкиот регион каде можеме да ги исфрлимеод употреба, во даден временски период, автомобилите и би се движеле со колективен превоз. Денес Охридско-Струшко-Преспанскиот регион се среќава со проблемот на она што е недостиг на паркинг места. Зато апочнуваме да градимеона што се катни гаражи. Но сепак би рекол дека убавината е во она што се нарекува навремен и секогашен јавен превоз. Она што се приватните и она што е АД "Галеб", мислам дека во иднина не ќе можат да ги задоволат потребите за јавниот превоз во Охридскиот регион.

Друго што би сакал да напомнам е околу комуникативноста или карактеристиките на туристичкиот развој.

Пристапноста на Охридско-Преспанскиот регион се остварува преку магистралините и регионалните патишта. Но би напомнал, тука се согласувам со господинот Митановски, треба да се направи една заобиколница која од Косел би одела преку Вапила и би излегувала долу кај Требениште, што би можела да се поврзе со она што е на Струшкио трегион односно спрема Албанската граница. Така би се изолирале оние тешки возила кои денес поминуваат преку транзитната улица "Железничка" и навистина би се направило заобиколен пат што не би имало потреба да се создава во екот на туризмот одреден хаос во сообраќајот.

За сместувачките капацитети и нивниот обем, кажуваме дека ќе се зголеми за некаде 3,5%, да речеме во колективните центри или да кажеме во хотелиерството и другите индивидуални сместувачки капацитети.

Јас ќе напомнам дека е добро и се надевам дека не 3,5% туку, можеби би требало и повеќе да се зголеми. Но бинапомнал дек анајповеќе би требало да водиме сметка околу пролонгирањето и продолжувањето на туристичката сезона во Охрид, дали ќе биде тоа со одложувањето и отпочнувањето на учебната година малку

подоцна, затоа што Охрид, Преспа, Струга буквално живеат од туризмот. На овој начин би го одложиле или би ја зголемиле туристичката сезона во Охрид затоа што можеби во овој временски период од септември месец кога Охрид е прекрасен, можеби нашите туристи од државата би билеприсутни на овој регион.

Она што исто така би сакал да го напомнам е дека можеби треба повеќе да внимаваме, дали во Охрид или во Охридско-Преспанскиот регион е потребно градба на колективни станбени згради или повеќе на индивидуалнис танбени згради и дел на она што се сместувачки капацитети кои ќе бидат строго наменети за развојот на туризмот, дали ќе бидат тоа хотели кои ќе бидат од висок ранг, или ќе биде тоа апартманско сместување строго наменето за она што е развој на туризмот.

Мислам дека веќе во собраниска процедура доаѓа и она што значи формирање на Агенција за туризам, поддршка и развој. Треба да направиме една споредба, да видиме дали таа Агенција е токму она што ни е потребно или таа Агенција што се предвидува со Предлог законот, ќе се претвори во она што е Биро за поддршка на туризмот. Тука има голема разлика и за тоа ќе дискутираме тогаш кога овој Предлог закон ќе дојде на дневен ред и се надевам дека одредени проекции кои ги предвидуваме ќе бидат прифатени. Зборуваме за проекција на рекреативните активнсоти во кои кажуваме, еве на пример ќе земам, тука вели во зоната Охрид рекреативните центри се утврдени како сончање, набљудување на птици и животни, рекреативни рехабилитациони активности, прошетки и пешачење. Ве молам, секаде можеме тоа да го направиме не само во Охрид. Дајте еднаш да понудиме нешто, ако сакаме да развиваме елитен туризам во Охрид, мораме да имаме одредени спар -центри, мора да имаме спрема категоризацијата, спрема она што е квалитетот и она што е платежната моќ на поединецот, да понудиме и такви потреби. Велиме добро е, на пример може да се развива парагвајдерство. Да, но кои се позитивностите кои ние со оваа проекција би ги дале. Значи на едни клубови кои егзистираат во Охридско-Преспанскиот регион да можат да се формираат овие клубови, да им се овозможи едно седиште за да можеме што повеќе, на некој начин да ги разфелиме, да имаме повеќе такви клубови кои во овој временски период би можеле да бидат атракција во Охрид.

Дали со самото тоа што ќе наведеме дека можете да одите на риболов во Дебарца во Сини вирови, дека така ќе го развиваме туризмот. Дали некој се запрашал дали таму инфраструктурата го дозволува сето тоа. Јас се сложувам дека сето тоа е во ред и проекцијата е во ред, но јас би замолил, кога нештото ќе го предвидиме треба да го почитуваме и на крајот да овозможиме, прво, инфраструктура, а подоцна да овозможиме она што е негова реализација. Не можеме само да кажеме дека во зоната на Струга, Охрид, Преспа видовите на рекреацијата се идентични и се однесуваат на капалични содржини сончани, пловидбени активности, спортски риболов.

Ова може секаде да го имаме, и на обична река, и на една обична река можеме да го имаме. Сончањето го имате и на планина. Пловидбени активности, кои пловидбени активности кога во Охридско-преспанскиот регион пристаништата ни се катастрофални. Ние треба да овозможиме линија што ќе ја имаме од Албанија, од Подградец кон Охрид која што ќе може секојдневно да се одвива, значи да имаме размена на капитал, размена на мисли, размена на туризам, на туристи.

На овој начин кога ќе имаме обезбедено такви услови кои што ќе можат да се обезбедат царинско-полициски пристанишни услови да ги наречам, тогаш ќе можеме да зборуваме дека ќе имаме развој на овие активности. Не можеме ние да зборуваме дека ние ќе имаме ова, а всушност инфраструктурата не ни го дозволува тоа.

Јас ќе напомнам дека треба да се води повеќе сметка околу рекреацијата и од страна на локалната самоуправа. Сведоци сме дека просторите кои што се предвидени за развојот на спортот и за развој на рекреацијата од страна на локалните самоуправи, многу поисплатливо им е денеска да ги предвидат во деталните урбанистички планови како решенија за одредени колективни станбени згради или домувања како што беше случајот во Охрид каде што со големи напори и со спротивставување на нас пратениците успеавме сето тоа да го анулираме и да остане оној спортски центар Билјанини извори онаков каков што е за развојот на спортот и рекреацијата.

Сметам дека во иднина повеќе ќе се обрнува внимание околу развојот на рекреацијата затоа што треба Охрид или Охридско-Преспанскиот регион да понуди одредени содржини кои што се специфични за овој регион. Имаме можност за развивање на планинарење, можност за развивање на туризам затоа што имаме доволно карпи, можност за развивање на риболов затоа што сето тоа ни го дава природата, но треба да направиме одредени инфраструктури и да им овозможиме на здруженијата на граѓани можност за нивно размножување, поточно за зголемување на обемот како би можеле да бидеме и поатрактивни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Катерина Димеска.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

На дневен ред имаме Нацртот на просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион, еден мошне битен законски проект кој доби широка поддршка на Комисијата за транспорт и врски. Моите колеги кои што претежно потекнуваат од овој крај дискутираа во насока на конкретни предлози и забелешки на општина Охрид. Јас во кратки црти би сакала да кажам едно посеопфатно гледање на овој проект.

Имено, евидентно е дека интензитетот на искористувањето на ресурсите со постојаната динамика која што се наметнува особено оние од необновлив карактер неминовно ќе резултира со сериозно поместување во рамките на еко системот и уништување на дел од природниот потенцијал и од тие причини еден ваков проект каков што е просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион кој што всушност претставува и доразработка на Просторниот план на Република Македонија има свои конкретни цели и задачи што е мошне битно, всушност тој претставува долгорочен план кој што нуди интегрален развој на просторот, исто така предвидува просторна организација на регионот, целите и концептите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација.

Би сакала да потенцирам дека покрај стратешко развојниот, планот има и интегративен карактер што всушност претставува негова примарна задача, тој врши координирање на сложените физички структури и пирамидите, секундарните, терцијалните и јавните дејности и нивна локална алокација во просторот.

Би сакала да потенцирам дека просторното планирање има за цел да создаде порационална организација на различните видови за користење на земјиштето како и нивна меѓусебна поврзаност со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економскиот развиј, истовремено да се подобри квалитетот на живеење на контактниот простор, пред се имајќи во предвид дека тука се три држави обезбедувајќи во исто време и заштита на животната средина на овие простори. Во тој контекст предвидени се и конкретни цели во овој проект документ. Тука не би сакала да се повторувам со некои констатации што беа изнесени, меѓутоа сакам да потенцирам дека се работи за еден битен документ, за еден документ кој што доби широка поддршка на Комисијата за транспорт и врски и овој Нацрт просторен план јас ќе го поддржам на оваа денешна седница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Иванов, имате збор.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам претседателе.

Тука многу луѓе се изјаснија околу овој Просторен план и добро е што колегите од тој регион покажаа позначаен интерес за овој Просторен план и за изградба на Охрид на Охридското крајбрежје.

Нема да кажам ништо ново ако кажам дека Господ бил многу дарежлив за огромните природни убавини што се направени во Охрид. Охрид е гордост и понос на секој Македонец и тврдам, бидејќи подолго време сум во овој политички, економски живот на Македонија, дека Македонија како држава вложи огромни напори за изградба, за развојот на целокупниот регион, посебно на Охрид. Меѓутоа, имам чувство дека новите генерации и во Охрид, да кажам и првите луѓе во Охрид кои беа на чело на Охрид и Охридската општина не оставија така значајни траги во развојот на Охрид. Ние можеме да зборуваме за огромни достигнувања на нашите предци, за големото историско наследство што го имаме во Охрид во изградба на цркви, манастири, на развојот на културата, образованието итн, меѓутоа не можеме сега тоа така да го гледаме затоа што имам чувство дека охриѓани очекуваат некој се повеќе и повеќе тоа да го развива надвор од Охрид.

Ако го гледаме светското искуство за вакви природни богатства во кој правец се вложуваат средствата, мислам дека тие мора да ни послужат како поука и како искуство што ние треба да правиме во Охрид. А, во Охрид треба да овозможиме една огромна туристичка дејност 12 месеци во годината, а не два, два и пол месеци како што е сега случајот. Тука зборуваше колегата кој е од Охрид за продолжување на туристичката сезона. Меѓутоа, тоа се зборува со години, а во тој поглед ништо не се прави. Нема изградено стратегија како огромното богатство што го дал Господ да го ставиме во корисна функција и како тоа огромно богатство што е изградено во Охрид, хотели, ресторани, објекти и приватни и индивидуални итн, да ги ставиме во корист на народот и во корист на Охрид и во корист на Македонската држава. Чудесно е како на тој план и како држава и како општина Охрид не работи, а тоа значи тоа богатство што е направено, тоа што е изградено сега да се стави во функција да се користи цела година, не само неколку месеци.

Ние сме сведоци дека во поедини делови се гради тој зимски туризам, зимските спортови се развиваат, на тој план ми се чини и во овој Просторен план во Охрид ништо не се прави. Тоа навистина е несватливо зошто е таков случајот, а Охрид е богат со планини и сега како што гледате тој спорт во светот доживува страшен развој и дека климатските услови не се условуваат за развој на тој спорт особено со огромните технички и технолошки достигнувања во изградбата на вештачки снегови, вештачки мраз итн, итн.

Исто така, често пати не може да се објасни, не е јасно зошто на пример ние не ја продолживме традицијата на Климентовиот Универзитет. Зошто на пример одиме таму да основаме факултети и образовни институции каде што немало традиција, а тоа не го правиме во еден град во кој што имаме огромни изградени капацитети кои можат да се користат во периодите кога не е во развој на летниот туризам и ред други работи кои можат да се развиваат како тоа што светот го разви за вакви природни убавини и богатства. И, тоа да го искористиме и така да го организираме и самиот просторен развој на Охрид и каде треба главната улога да ја играат Охриѓаните. На пример, во зимскиот период може многу екипи да доаѓаат на подготовки, ама нема фудбалски игралишта. Ако побарате локации од општината таа никогаш не поставува интерес, а ист е случајот и со многу други спортови. Според тоа, во Охрид мора да се развие свеста дека тие

треба да го развиваат градот. Голем дел на тоа богатство што се направи во Охрид го направија фирми што се надвор од Охрид, меѓутоа охриѓани тие фирми не ги сметаат за свои и тоа богатство што е изградено не го чувствуваат како свое.

Јас мислам дека крајно е време и Републиката и самите охриѓани во тој поглед да направат радикални промени и ние да го доживееме Охрид како огромна туристичка оаза која што ќе биде гордост и понос на цела Македонија.

Од тоа што е направено досега, тоа не е ставено во корисна функција и не можеме да бидеме задоволни со ефектите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Лалчевска побаравте реплика или збор.

Повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Почитуван претседателе, со извинување што по втор пат се јавувам, меѓутоа јас пропуштив да кажам еден многу значаен момент, меѓутоа нема ништо да има ни од туризмот, ни од развојот на овој регион ако ги загрозиме езерата во овој регион.

Јас би апелирала до министерката Лепиткова за која имам високо мислење, да се заинтересира и да ја проучи заедно со стручњаците Спогодбата што ја има склучено нашата држава со Република Албанија по однос на најниската кота на Езерото. Бидејќи таа е склучена некаде 60-тите години и притоа да напомнеме дека ниту кондициono Езерото е во иста состојба, ниту издашноста на изворите е во иста состојба, со испуштање од година во година поголемо количество и се поблиску до таа најниска кота ние го загрозуваме Езерото, го загрозуваме живиот свет, а индиректно го загрозуваме и Преспанското Езеро бидејќи тоа е на повисоко ниво и водите под Галичица да се прелеваат во Охридското Езеро.

Каква е состојбата во Преспа сите добро знаеме, да не дозволиме Преспанското Езеро да ја доживее судбината на Дојранското Езеро, па потоа да правиме разни проекти за да го спасуваме Езерото. Дајте да го спасиме сега дури е во ваква кондиција. Значи, мора да ја проучиме таа спогодба, да го слушнеме стручното мислење на експертите и да ја ревидираме таа спогодба, оти очигледно е дека најниската кота веќе не е функционална, сега веќе таа е кота која го загрозува Езерото и водите, а со тоа и целиот регион. Јас ви благодарам уште еднаш со извинување што се јавив повторно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го утврдува Нацртот на просторниот план на Охридско - Преспанскиот регион.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на просторен план на Охридски и Преспански регион при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Немаме доволно пратеници.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да повелат да влезат во салата зошто не очекува гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 58 сите 58 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Објавувам 10 минути прекин за пререгистрација и продолжуваме со 104 -та седница.

(Седницата прекина со работа во 13,04 часот)